**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Дарко Топчов**
**именуван за подрачјето на**
**Основен кривичен и**
**Основен граѓански суд Скопје**
**ул.Народен Фронт бр.25/1-3**
**тел.02/3224-794**

**Образец бр.66**

**И.бр.610/2024**

Извршителот **Дарко Топчов** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Централна кооперативна банка АД Скопје** од Скопје со ЕМБС 4640063, ЕДБ 4030993182959 и седиште на ул.1732 бр.2, засновано на извршната исправа Нотарски Акт – Договор за хипотека ОДУ 14/2020 од 05.2.2020 на Нотар Слободан Поповски, против должникот **Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги ЦИМ-АЛ ТРАНС ДОО увоз-извоз Скопје** од Скопје со ЕМБС 6329594, ЕДБ 4030008021547 и седиште на ул.Лазар Димитров бр.4, и заложните должници 1. **Верка Димовска** од Скопје, со живеалиште на ул. Дичо Петров бр.6, 2. **Перо Блажевски** од Скопје, со живеалиште на ул. Тале Христов бр.1-49, 3. **Виолета Петрова** од Скопје со живеалиште на ул. Лазар Димитров бр.4, 4. **Александар Сотировски** од Скопје, со живеалиште на ул. Хашка бр.7-3, за спроведување на извршување во вредност 1.948.563,00 ден., на ден 23.03.2026 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба** со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

**Недвижност запишана во <u>Имотен лист број 8627 за КО Кисела Вода 1</u> при Агенција за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности Скопје, во сосопственост на заложниот должник Виолета Петрова со 2/3 идеален дел и на заложниот должник Перо Блажевски со 1/3 идеален дел**, со следните катастарски ознаки:
ЛИСТ В: ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДИ, ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ
-број на катастарска парцела основен 896, дел 0, адреса (улица и куќен број на зграда) Ѓ.Сугаре 8/4-3, број на зграда/друг објект 1, нам.на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем А2-1, влез 004, кат К1, број 003, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, внатрешна површина 62 м2, сосопственост,
-број на катастарска парцела основен 896, дел 0, адреса (улица и куќен број на зграда) Ѓ.Сугаре 8/4-3, број на зграда/друг објект 1, нам.на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем А2-1, влез 004, кат ПО, број 003, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, внатрешна површина 8 м2, сосопственост.

**Продажбата ќе се одржи на ден 22.04.2026 година во 12:00 часот во просториите на Извршител Дарко Топчов од Скопје на ул.Народен Фронт бр.25/1-3, Скопје.**
Почетната вредност на недвижноста утврдена со Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.610/2024 од 24.12.2025 година на извршителот Дарко Топчов од Скопје, изнесува 60.875,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата како почетна цена за продажба на недвижноста, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.
Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: право на залог (хипотека) од прв ред во корист на заложниот доверител Централна кооперативна банка АД Скопје и право на реален товар врз основа на Налог за извршување врз недвижност И.бр.610/2024 од 16.05.2024 година на извршител Христо Јованов од Скопје (сега во пензија, чии предмети за постапување ги презема извршител Дарко Топчов од Скопје).
Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.
На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, и тоа најдоцна еден ден пред одржување на јавното наддавање, заклучно со 21.04.2026 година.
Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.300000005262383 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5080025513551.
Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.
На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.
Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање-дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.
Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Скопје, 23.03.2026 година

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Дарко Топчов**